UDC: 343.161(497.7)

# ПОРОТНО СУДЕЊЕ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

**Ристе Лазаров**
Студент на втор циклус на студии,Правен Факултет,
Универзитет "Гоце Делчев" - Штип
riste_lazarov@live.com
**Тамара Илиева**
Студент на втор циклус на студии, Правен Факултет,
"Јустинијан Први" - Скопје
tamara_ilieva@hotmail.com

**Апстракт**

Со имплементацијата на одредбите од Законот за кривична постапка на РСМ кој, задирајќи во основниот облик на казнената постапка, претстави новоконципиран систем на казнено-процесно право, останува отворено прашањето за потребата од воведување на порота во македонскиот правосуден систем. Дали е можно остварување на поефикасна казнена правда и правична и контрадикторна расправа во правосуден систем кој ги пресликува искуствата на англосаксонските системи и се остварува единствено како комбинација од нивните позитивни искуства со одредени недостатоци во целата слика на сложувалката? Дали воведувањето на порота како елемент кој недостасува во процесот на заокружување на акузаторниот процесен систем, може да се идентификува како суштински чекор кон унапредување на правата на странките и јакнење на независноста на судот? Низ елаборирање на овие прашања ќе ја видиме зрелоста на условите и подготвеноста на процесните странки за остварување на основни цели на реформата на казнено-процесното законодавство, преку потребата од соодветни дополнувања и измени во насока на целосно конципирање на правосудниот систем, јакнење на правдата и довербата на граѓаните во правосудниот систем на државата. Истражувајќи со помош на социолошки, компаративен и case study метод, ќе видиме дали воведувањето на порота во македонскиот казнено-правен систем, чии одлуки за вината на обвинетиот ќе бидат мериторни во однос на примената на правото од страна на судијата, се преамбициозни или се во соодност со примената на процесните институти (вкрстено испрашување) кои ги воведе новиот ЗКП, а со цел целосна конструкција на главната расправа, односно казнената постапка воопшто.

**Клучни зборови**: *порота, главна расправа, кривична постапка, улога*

# JURY TRIAL IN CRIMINAL PROCEDURE

**Riste Lazarov**
Master studies, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Stip
riste_lazarov@live.com
**Tamara Ilieva**
Master studies, Faculty of Law, University "S.S Cyril and Methodius"-Skopje
tamara_ilieva@hotmail.com

**Abstract:**

With the implementation of the provisions of the Law on Criminal Procedure of the Republic of North Macedonia, which, entering the basic form of the criminal procedure, has introduced a newly established system of criminal procedure law, the question remains of the need of introducing a jury in the Macedonian judicial system. Is it possible to achieve more efficient criminal justice and a fair and contradictory discussion in a judicial system that reflects the experiences of the Anglo-Saxon systems and is realized only as a combination of their positive experiences with certain disadvantages in the whole picture of the puzzle? Can the introduction of the jury as an element, which is lacking in the process of completing the accusatory process system, be identified as an essential step which promotes the rights of the parties and strengthens the independence of the court? Through elaboration of these issues, we will see the maturity of the conditions and the preparedness of the process parties of achieving the basic goals of the reform of the penal procedure legislation, through the need for appropriate additions and amendments in the direction of fully conceptualizing the justice system, strengthening the justice and the trust of the citizens in the judicial system of the state. Researching with the help of a sociological, comparative and case study method, we will see if the introduction of a jury in the Macedonian penal system, whose decisions on the defendant's guilt will be meritorious in relation to the application of the law by the judge, are too ambitious or in ratio with the application of the process institutes (cross-examination) which were introduced by the new LCP, in order to fully construct the main hearing, i.e. the penal procedure in general.

**Keywords:** *jury, main hearing, criminal procedure, role*

## Вовед

Во насока на остварување на основните постулати на правото и достигнување на целта - правна држава, задоволувањето на правдата и правичноста како принцип со чие почитување заживува прввиот, наидува на бројни пропусти кои треба да се припишат на неконзистентното и недоследно конципирање на правниот систем на државата, пресликувајќи ги единствено позитивните искуства на државите врз основа на чии системи го гради истиот. Инквизиторните системи на судење и оние со акузаторни карактеристики, дивергираат токму во постоењето на порота, како тело кое одлучува за вината на обвинетиот и всушност ја носи пресудата, а улогата на судијата се сведува на изрекување на истата. Акузаторните модели обично имаат расправи со

кои претседава судија и каде странките во предметот изведуваат докази. Кај акузаторните постапки, во едно судење со порота, поротата составена од судии - поротници ја утврдува вината, а судијата му изрекува казна на обвинетиот откако поротата ќе донесе осудителна пресуда.[1] Меѓутоа, надвор од САД, далеку најголем број кривични предмети во судските системи со обичајно право, се судат без пороти.

Новоконципираниот систем на казнено право во државата, поставен со одредбите на Законот за кривична постапка од 2010 година, настојувајќи во целост да го преиначи типот на казнена постапка и да ги нагласи елементите на акузаторна, заменувајќи ја мешовитата постапка, заборава или неслучајно го изостава елементот порота како еден од основните чинители на акузаторноста на еден казнено - правен систем. Главната расправа според новиот ЗКП ги нема карактеристиките на чиста акузаторна постапка од англосаксонски тип со оглед на фактот што расправата не се води како спор на странки пред порота која одлучува за вината на обвинетиот, додека судот е целосно пасивен, туку изведувањето на доказите на главната расправа се одвива пред судски совет надлежен да одлучува за вината, но и да ја одмери кривичната санкција. Одовде, помеѓу најзначајните карактеристики на главната расправа, низ кои се согледува новоконципираната улога која го пасивизира судот како субјект на третиот стадиум од постапката, се набројува отсуството на класична порота како нагласен недостаток во определбата за воспоставување на акузат орните (странечки) елементи - одредници на постапувањето во согласност со законски одредби. Непредвидена, поротата отсуствува и при остварување на вкрстеното испрашување, како нов процесен институт, воведен со одредбите на новиот ЗКП, па во отсуство на класична порота, судот е тој кој со вкрстеното испрашување треба да се убедува во вистинитоста на наводите, поагајќи од целта на воспоставување на институтот, односно формирање на ставот во однос на вината на обвинетиот преку процесот на вкрстено испрашување. Ваквото „намерно“ изоставување и заборавање на поротата како битен елемент во заокружување на целосната рамка на системот и пополнување на празнинит е во постапувањето, а со тоа избегнувајќи ги сомнежите во соодветната поставеност на системот, па оттука и на довербата во работата на инволвираните субјекти во целокупниот процес на донесување на пресуда во конкретен случај и остварување на правото, можеби е резултат на стравувањата дека пасивизацијата на судот, остварувајќи ги ново - законските норми, ќе го претвори во „англиска кралица“, давајќи му одговорност да ја изрече пресудата која ќе ја донесат луѓе - лаици во однос на правото, кои стекнале привилегија да станат дел од порота која одлучува врз основа на активната улога на странките во акузаторната, односно странечка главна расправа. Во однос на ова, се надоврзуваат и дилемите во

[1] Гордана Бужаровска, Дејвид Ре и Мајкл Г. Карнавас, *Вкрстено испитување, Прирачник за практичари*, (Скопје: Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје , 2010), 35.

врска со остварување на процесот на донесување пресуда во целост, пред сè, нејзината правилност и законитост. Раководејќи се од стравот од пренесување на моќта на одлучување во рацете на поротата, задоволувајќи ги психолошките карактеристики на чистиот поротен суд, пред кој заедно со непристрасен судија, се води главната расправа како спор на странки, креаторите на системот, не го лишуваат судот од било каква процесна иницијатива и не ја пасивизираат во целост неговата улога во стадиумот на постапката чиј носител е тој во системите со нагласени инквизиторни елементи, па се задоволуваат со постигнување на мешовит тип на постапка, каде советот е одговорен за својата пресуда и поради тоа мора да го има барем минимумот на сознајните алатки во поглед на утврдувањето на фактичката основа на пресудата.[2]

## 1. Поротата во македонското законодавство

### 1.1 Избор и престанок на функцијата на судија –поротник во РМ

Едно од карактеристичните обележја на судскиот систем во нашата држава е тоа што во судењето, освен професионалните судии, учествуваат и судиите-поротници. Уставот на Република Македонија определува дека во судењето учествуваат и судии-поротници кога е тоа утврдено со закон[3].

Судиите-поротници ги избира и разрешува Судскиот Совет на Република Македонија. И за нив, како и за судиите, се пропишани општи и посебни услови за избор.

За судија-поротник може да биде избрано лице што ги исполнува следните општи услови:

- да биде полнолетен;
- да биде државјанин на Р.М;
- да има завршено најмалку високо образование;
- активно да го владее македонскиот јазик;
- да ужива углед за вршење на функцијата судија-поротник и
- да не е постар од 64 години.

Судијата поротник за судење на малолетници се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието на младите

Во посебните услови за избор на судија поротник спаѓаат:

- полагање на психолошки тест ( на начин и постапка како при избор на судија);
- полагање на тест за интегритет ( на начин и постапка како при избор на судија);
- задолжително посетување специјализирана обука од Академијата за судии и јавни обвинители.

2 Калајџиев, „Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување“, 290.

3 Чл.103 ст.3 од УРМ

По завршување на обуката во Академијата за судии и јавни обвинители, судиите-поротници полагаат испит за завршената обука. Ако судијата-поротник не го положи испитот му престанува функцијата, што со одлука го констатира ССРМ, откако претходно Академијата за судии и јавни обвинители ќе достави листа на судии-поротници кои не го положиле испитот до ССРМ.

Судија-поротник се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

На судија-поротник му престанува функцијата:

- ако тоа сам го побара;
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста судија-поротник;
- ако е осуден за кривично дело на казна затвор од најмалку 6 месеца;
- ако е неуредно или несовесно ја врши должноста на судија-поротник и
- со навршување на 60 години старост.

Постапката за престанок на функцијата судија-поротник ја води ССРМ по предлог од Претседателот на судот.

Кога против судијата-поротник се спроведува истрага или е поведена постапка за престанок на функцијата, претседателот на судот нема да го повика да ја врши функцијата судија-поротник.

Во постапките спрема малолетници судиите –поротници се избираат од редот на просветни работници, психолози, педагози, социолози и други лица кои имаат искуство во воспитанието и образованието на младите.

### 1.1.1 Изземање

Тежнеењето за почитување на принципот за владеење на правото и негувањето на довербата што граѓаните треба да ја имаат во судството како една од трите власти во државата мора да води сметка за независноста на судовите како институции, но и за личната независност, интегритетот и непристрасноста на секој судија како поединец. Сето тоа подразбира слобода од насочување, влијание или мешање во вршењето на судската функција било од законодавната или од извршната власт.

Аспектите на личната независност подразбираат непристрасност во постапувањето и во одлучувањето, кое се заснова единствено врз владеењето на правото, професионализмот, знаењето, искуството о умешноста на судијата. Судијата постапува непристрасно и кога, освен од надворешни влијанија, успева во текот на постапувањето и одлучувањето да ги потисне личните убедувања, верувања или предрасуди. Со изборот и со воведувањето на судската должност, судијата и судијата поротник стануваат апсолутно способни за вршење на судиската должност (in abstracto), односно може да учествуваат во постапување и одлучување.[4] За успешно и професионално вршење на судиската должност не е доволна апсолутна способност на судијата, бидејќи стручноста и независноста

---

[4] Матовски Н., Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г., Казнено процесно право, Скопје 2011

се дополнуваат со елементи на објективност и непристрасност.

Судиите и судиите-поротници се наоѓаат во определени семејни, имотни, пријателски и други односи со определени лица, а таквите односи може да предизвикаат сомневање во нивната објективност во постапувањето и одлучувањето на определен кривичен предмет (in concreto). Во вакви случаи се применуваат посебни мерки предвидени кои водат кон изземање на судијата, а институтот на изземање е од интерес за јакнење на вербата во правичноста и непристрасноста на примената на правото и одлучување во конкретниот случај.[5]

### 1.1.2 Причини за изземање

Изземањето на судиите и судиите-поротници е можно доколку постојат определени околности или причини поради кои тие не смеат да учествуваат во постапката како судии односно судии-поротници односно ако се изнесат причини кои раѓаат сомнеж во нивната објективност.

Постојат две категории причини за изземање:

- апсолутни причини - кога изземањето е задолжително и
- релативни причини – кога се цени дали постојат околности кои водат кон сомневање во непристрасноста на лицето што треба да се изземе.

Во апсолутни причини (iudex inhabilis), кои ЗКП таксативно ги набројува наведени се основите кога:[6]

- судијата или судија-поротник чие изземање се бара се јавува како оштетено лице со кривичното дело (т.1) – никој не може да биде судија во сопствен предмет (nemo iudex in sua causa), а личната засегнатост за исходот на кривичниот предмет го прави пристрасен и необјективен, при што е сосема ирелевантно дали судијата како оштетен побарал имотноправно барање и дали се приклучил кон кривичниот прогон или не;
- обвинетиот, неговиот бранител, тужителот, оштетениот, нивниот законски застапник или полномошник, му е брачен односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија до кој и да е степен, во странична линија до четврти степен, а по сватовство до вториот степен на судијата или судија-поротник чие изземање се бара (т.2) – за постоење на оваа основа потребно е да се истакне дека полноважноста на бракот се оценува според одредбите на Законот за брак, како прејудициелно прашање, а за крвното сродство сосема е ирелевантно дали тоа потекнува од брачен или вонбрачен однос;
- ако судијата или судија-поротник чие изземање се бара со обвинетиот, неговиот бранител, тужителот или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик (т.3) – за изземање врз оваа основа потребно е односот да се докаже со полноважен договор, а ако не е склучен договор, а таков однос фактички

[5] Матовски Н., Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г., Казнено процесно право, Скопје 2011

[6] Чл.36, ст.1, т.1-5 од ЗКП, Службен весник на РМ, бр.150 од 18.10.2010 година

постои, изземањето може да се бара поради релативни причини[7];

- ако судијата или судијата-поротник чие изземање се бара во истиот кривичен предмет вршел истражни дејствија или учествувал во испитувањето на обвинението пред главниот претрес или учествувал во постапката како тужител, бранител, законски застапник или полномошник на оштетениот односно на тужителот или е сослушан како сведок или како вештак (т.4) – се смета дека судијата поради порано вршени функции во истиот предмет, односно преземајќи процесни дејствија и учествувајќи во постапката во соодветното својство, стекнал предубедување за тоа во кој правец да пресуди во конкретниот случај;
- ако судијата или судија-поротник чие изземање се бара во истиот предмет учествува во донесувањето на одлуката на понискиот суд или ако во истиот суд учествувал во донесувањето на одлуката која се побива жалбата (т.5) – ова е основа која се применува при избор на судија во повисок суд, а наоѓа оправдување во фактот што судијата, учествувајќи во првостепеното судење, веќе го формирал своето мислење на конкретниот предмет.
- Наведените апсолутни причини би можеле да ги поделиме во две групи:
- во првата група се оние кои укажуваат на соодветна лична заинтересираност на судијата-поротник за завршување на спорот во определена насока[8] а,
- во втората група може да се поместат оние основи кои укажуваат на несогласноста помеѓу функцијата на пресудувањето во конкретен случај и некои друго процесно дејствие што тој го презел во конкретниот случај, било да се јавил во улога на некоја странка или процесен помошник на обвинетиот, судска функција во истрагата или донесување одлука во понизок суд.[9]

Релативните причини (iudex suspectus) за изземање не водат кон обврска на судијата-поротник да побара свое изземање, туку тој да може да биде изземен само ако се поднесат докази кои предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност. Не е доволно само да се наведат околности кои, според странката што иницира изземање, се причина да се верува дека судијата-поротник е пристрасен и необјективен во конкретниот случај, туку се бара поднесување докази во поткрепа на тврдењето.

### 1.2 Критериуми за избор на судии-поротници во Република Северна Македонија

Учеството на судиите поротници во судските постапки е уставен принцип. Според член 103, судот ги на еден начин во случаите при судења во совет

[7] ibid, ст.2

[8] Ibid, ст 1, т. 1-3

[9] Ibid, ст. 1, т. 4 и 5

дозволува и учество и на судиите-поротници што е определено и со самиот закон (процесно право). Судиите-поротници имаат имунитет и тие не може да се сметаат за одговорни за изразените мислења и одлуки во врска со пресудата. Судскиот совет на Република Македонија ги избира и разрешува судиите, како и судиите-поротници. При изборот на судии поротници, (член 43, Закон за судовите), Судскиот совет на Република Македонија треба да ги земе во предвид стандардите и ограничувањата и тоа : а) да се избегне дискриминација врз основа на пол, раса, боја, национално или социјално потекло, политички или верски верувања, имот и социјален статус; б) да се осигури правичност застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите етнички заедници; в) да не се избере лице кое е тесно поврзано, или е роднина или брачен другар со судија или судија-поротник во истиот суд; г) да не избира лице кое е близок роднина, роднина или сопруг на член на Судскиот Совет на Република Македонија.

Судиите-поротници се вклучени во судските постапки во случаите кога тоа е пропишано со процедуралните закони и тие учествуваат во мешани судски совети. Со последната реформа на македонскиот Закон за судовите се воведе суштински нов концепт на општи и специфични критериуми за избор на судии-поротници.[10]

Според член 48, општите критериуми за избор на судии-поротници се следниве: а) да се биде полнолетен, б) да има македонско државјанство, в) да има барем високо образование, г) да зборува течно македонски јазик, д) да има достоинство за извршување на оваа должност и ѓ) да не биде постар од 64 години.

Покрај условот да поседуваат достоинство, со цел вршење на должноста судија-поротник, секој кандидат треба да помине низ психолошки тест и тест за интегритет. Психолошкиот тест треба да се врши во Судскиот совет на Република Македонија а неговата главна цел е да ги процени социјалните вештини на кандидатите за судии-поротници. Психолошкиот тест се темели на меѓународно признаен психолошки тест за вршење на функцијата судии, применет во најмалку еден член на Европската унија и ОЕЦД. Тестот за интегритет исто така го врши Судскиот совет на Република Македонија. Тој се заснова врз етички и професионални кодекси за извршување на функцијата со цел да се утврдат етичките и моралните вредности на кандидатот. Тестот за интегритет се состои од два делови: I.пишан анонимен тест и II. добивање на информации за етички и морални вредности на кандидатите. Така, секој кандидат треба да обезбеди: а) список од 50 лица со завршено најмалку четири годишно средно образоваие кое го познава кандидатот најмалку три години, и б) не треба да има блиски роднини, релативни роднини или било кои други лице со статус врз основа на заеднички договор (на пример, посвојувач или посвоено

[10] Law on Courts, "Official Gazzete of the Republic of Macedonia", no. 58/2006; 62/2006; 35/2008 and 150/2010.

дете) со кандидатот за судија-поротник меѓу лицата од листата. Со цел да се спроведе психолошки тест, како и првиот дел од тестот за интегритет, Судскиот совет на Република Македонија треба да ангажира експерти од независна и целосно акредитирана професионална институција.[11]

По изборот, секој судија-поротник мора да присуствува на специјализирани обукаи во Академијата за обука на судии и јавни обвинители. По завршување на обуката, судијата-поротник треба да положи завршен испит. Судскиот совет на Република Македонија одлучува за отфрлање на кандидатите кои не го положиле завршниот испит. По добивањето на барања од сите основни и апелациони судови за потребниот број на судии-поротници, Судскиот совет на Република Македонија донесува одлука за точниот број на судии-поротници во секој елементарен и апелационен суд. Оваа одлука се објавува во Службен весник на Република Македонија.

Судиите-поротници се избираат со мандат од четири години со можност за повторен избор.

Во случаите за деца, само лице со искуство во воспитување и образование на малолетници може да биде избрана за судија-поротник.

Министерот за правда решава за надоместокот на судиите-поротници за вршење на должност на судија-поротник.

Согласно преодните и завршните одредби од Законот на судовите, овие услови се веќе задолжителни од 1 јануари 2016 година.

Македонските критериуми значително се разликуваат од концептот на судиите поротници што ги имавме речиси 50 години. Во процесот на усогласување на домашното законодавство со европските стандарди, новите одредби од Законот за судовите треба да се во согласност со принципите од Европската повелба за Судиите-поротници. Според Европската, терминот “судија-поротник” се однесува на сите лица кои учествуваат во правното одлучување каде треба да се исполнат три услови: а) тие не прават кариера како судии, б) тие можат да добијат надоместок, но без плата и в) тие може да биде избран или назначен за одреден временски период.

Имајќи ги предвид претходно разработените критериуми за судиите-поротници, доста е проблематично да се утврди дали се усогласени со принципите што произлегуваат од Европската повелба за Судиите-поротници, кои имаат за цел да ја подобрат веродостојноста и разбирливоста во постапките и пресудите, ја зголемува довербата во правниот систем, донесе човечка природа пред лицето на правдата, подобрување на ефикасноста во правдата, како и зголемување на прифаќањето на одлуките.[12]

Ако го спoредиме македонскиот систем на избор на судии-поротници

[11] Lazhetich – Buzharovska G., Nanev L., The new Macedonian concept of lay judges and their role in the criminal procedure

[12] Ibid

со другите европски закони, можеме да заклучиме дека во постојат неколку модели - во некои земји (Франција, Грција) судиите поротници се избрани по случаен избор, додека во други (Австрија и Португалија) судиите поротници се избираат од списоци на гласачите со право да седат за еден случај, или тие се случајно избрани само за одреден временски период (Италија, Грција).[13]

Во Србија, учеството на судиите поротници исто така е уставен принцип. Судиите и судиите-поротници учествуваат во судење на начин пропишан со закон (член 142 став 3 од Уставот на Република Србија). Законот за судии (член 81) предвидува дека судија-поротник може да биде возрасен човек кој вреди да ја врши оваа функција. Треба да се земат во предвид следниве критериуми при назначување на судија-поротник: пол, возраст, занимање и социјалната позиција на кандидатите, нивното знаење, експертиза и склоност кон одредени видови на правни работи.[14]

Според Уставот на Хрватска (член 118), судии-поротници учествуваат во судски постапки во согласност со законот. Законот на судовите пропишува дека судија-поротник може да биде возрасен човек кој вреди вршење на оваа функција.[15]

## 2. Судии поротници во македонската кривична постапка

### 2.1 Улогата на судиите-поротници во македонската кривична постапка

#### 2.1.1 Структура на мешан судски совет

Република Македонија прифати систем на "мешан судски совет" каде професионалните судии седат заедно со судии-поротници и одлучуваат врз основа на законот, факти, вина и казна. Законот за кривична постапка ја пропишува структурата на мешаните совети, како и нивната процедурална надлежност во текот на кривичната постапка.[16]

Судиите-поротници учествуваат во првостепените судови во секоја кривична постапка, освен оние во надлежност на единствен судија кој е професионален судија (истражен судија, еден судија во скратена постапка и судија за малолетници). Во однос на пропишаните кривични дела во Кривичниот законик на Република Македонија, за кривично дело за кое е пропишана казна затвор до 15 години, Судскиот совет се состои од еден професионален судија и двајца судии поротници. За потешки кривични дела, за кои е пропишана казна затвор поголема од 15 години или доживотен затвор, постапката ја водат двајца

13 Ethan J. Leib, 'A Comparison of Criminal Jury Decision Rules in Democratic Countries', Ohio State Journal of Criminal Law, Vol 5, 2008, p. 629-644., p. 640-642

14 Law on judges, December 22, 2008. In force since January 1, 2010

15 Law on courts, Narodne novine, no. 150/05, 16/07, 113/08, 153/09 i 116/10

16 Code of criminal procedure, "Official Gazette of the Republic of Macedonia" no. 15/1997; 44/2002; 74/2004; 83/2008, 67/2009 and 51/2011.

професионални судии и три судии-поротници. Судија-поротник не е предвиден само во случај каде што одлучуваат три професионални судии за правни работи во врска со приватноста (притвор, специјалени истражни мерки, жалби за одлуките на истражниот судија итн.). Во Апелационите судови, судиите-поротници учествуваат само во мешан судски совет кога има одлука да се одржи расправа. Расправата пред второстепениот суд ја водат двајца професионални судии и тројца судии-поротници. Во Врховниот суд на Република Македонија нема судија-поротник кој претставува суд од трета инстанца.

### 2.1.2 Дополнителни судии-поротници

Произлегуваат неколку важни прашања од анализата на положбата на судиите-поротници во текот на кривичната постапка. Судиите-поротници треба да бидат постојано присутни во текот на целата главна расправа. согласно член 275 од ЗКП, ако е веројатно дека главната расправа ќе трае долго, претседателот може да побара од претседателот на судот да одреди еден или двајца судии-поротници да присуствуваат на главната расправа, со цел да ги застапуваат членовите на судовите во случај на попреченост.

Ако има какви било промени во врска со судиите поротници како членови на судовите, главната расправа треба да започне од самиот почеток. Инаку, постои апсолутна повреда на одредбите на кривичната постапка - судот е неправилно составен или судија-поротник учествуваше во изрекувањето на пресудата, но не учествуваше на главната расправа или е исклучен од судењето со правосилна судска одлука.

### 2.1.3 Улогата на судиите поротници на Главна расправа

Судиите-поротници имаат улога во донесувањето на некои важни одлуки во текот на кривичната постапка. Имено, Советот одлучува да ја исклучи јавноста од судење; ако судија-поротник мора да бара изземање тој е должен да ја прекине постапката и треба да го извести претседателот на судот кој ќе назначи друг судија-поротник; разрешување на бранител во текот на судење; утврдување на привремени мерки за обезбедување на имотноправно барање во текот на судењето; отстранување на обвинетиот од судницата за одреден временски период и ако обвинетиот веќе дал изјава, тогаш судскиот совет може да го отстрани обвинетиот за време на целиот тек на доказната постапка итн. Во текот на главната расправа, откако претседателот на судот ќе го комплетира сослушувањето на обвинетиот, членовите на советот директно ќе го испрашуаат обвинетиот.[17]

---

[17] Lazhetich – Buzharovska G., Nanev L., The new Macedonian concept of lay judges and their role in the criminal procedure, Justinianus Primus Law Review, No.10;

### 2.1.4 Улогата на поротниците во одлучување по кривичните предмети (советување и гласање за пресудата)

Судиите-поротници имаат значајна улога при одлучувњето. Одлука ќе се донесе ако мнозинството од членовите на Советот гласало за . Претседателот на советот е должен е да управува со советувањето и да гласа, да биде последен гласач и целосно да ги разгледа сите прашања. Кога гласаат за одделни прашања а гласовите се поделени и не се обезбеди мнозинството од гласовите, прашањата треба да се одвојат и да се гласа повторно додека не се постигне мнозинство гласови. Ако мнозинството не се оствари на овој начин, одлуката ќе се донесе така што гласовите кои се најмалку поволни за обвинетиот се додаваат на гласовите кои се понеповолни, додека не се постигне мнозинство. Членовите на мешаниот судски совет не можат да одбијат да гласаат за прашања поставени од претседателот на советот. Сепак, член на советот кој гласал за ослободување на обвинетиот не е должен да гласа за санкцијата. Ако тој / таа не гласа, тоа треба да се сфати како да се согласил со гласањето кое е во корист на обвинетиот. При одлучувањето за главната работа, првото гласање се однесува на прашањето дали обвинетиот сторил кривично дело и дали е кривично одговорен. Потоа, гласањето за казната, други кривични санкции, трошоци за кривичната постапка, имотни побарувања и други прашања е кога се донесува одлука.

Одлучувањето се врши на тајна седница. Се составууваат записниците и само членовите на советот и записничарот може да биде присутно на одлучувањето. Резултатите од гласањето не смеат да се објавуваат. Записникот ќе биде потпишан од страна на сите членови на советот, како и од записничарот. Различните мислења ќе бидат вклучени во записникот, освен ако е одлучено претходно да бидат исклучени. Само судот од повисок степен има право да пристап до записникот кога одлучува за правен лек.

## 3. Истражувања во врска со улогата на судиите-поротници во кривичната постапка во Република Северна Македонија врз основа на методолошки пристап

Единствено кратко истражување за улогата на судии-поротници во Република Македонија беше направено во период од 1 мај 2008 година до 30 октомври 2008 година, во основните судови во Република Македонија. Биле испратени вкупно 270 прашалници а одговорите беа добиени од 187 судии поротници.[18] Сите од нив учествуваа доброволно и одговорите беа дадени анонимно. Прашалникот се состоеше од 11 прашања со повеќе понудени одговори. Така, судијата-поротник може да избере само еден одговор. Целта на ова кратко истражување било да се добијат основни сознанија за спроведувањето на одредбите од Законот за кривична постапка кои се однесуваат на улогата на

[18] Нанев Л., 'Местото и улогата на судиите поротници во кривичната постапка пред судовите во Република Македонија', МРКК, no. 2-3/2008, p. 373-389.

судиите-поротници за време на судските процеси - како се третирани од страна на професионалните судии; дали го искажуваат својот став; како тие навистина гласаат пред пресудата да биде изречена и сл.

### 3.1 Аргументи за и против учеството на судиите-поротници во постапката

Постои динамична дебата за улогата на судиите-поротници. Иако постојат поделени мислења сепак треба да се прифатат сите аргументи помеѓу судење во порота и судење засновано на правната наука (професионално судејќи) .

#### 3.1.1 Аргументи за

Учеството на судиите-поротници треба да биде разбрано како демократски аргумент според кој судиите-поротници ќе стекнат пошироко животно искуство за време на главната расправа како и да овозможат граѓаните да земат учество во расправата и одлучувањето. Точно е дека одреден степен на демократија во судовите е навистина пожелно. Така, на учеството на судиите поротници помага во спречувањето на судовите и професионалните судиите да отидат премногу далеку од општеството и дозволуваат вклучување на граѓани во спроведувањето на правдата. Нивното учество има претежно превентивна цел, а тоа е да ги одвраќа професионалните судии од политичка подреденост и од арбитрарност. Улогата на судиите-поротници е одраз на т.н. претставничка демократија и претставува политички предуслов што треба да биде предвиден во судската постапка.[19]

Учеството на судиите поротници има двојно значење. Прво, судиите-поротници одлучуваат при здрав разум, а не врз основа на заклучоци базирани на правната наука. Така, тие донесуваат општа свест за законот, кај луѓето чувство на правда и праведност, ја зајакнуваат легитимноста на системот, ја зголемуваат довербата на јавноста, како и прифаќањето на исходот од страна на јавноста. Второ, вклученоста на судиите-поротници ќе ги зголеми нивните знаење за правниот систем, правниот аспект на администрирање на правдата, како и перцепциите за влијанието на злосторства на жртвите.

#### 3.1.2 Аргументи против

Критика за учество на судиите-поротници можат да се ставаат под т.н. технократски аргумент. Има толку многу наоди кои ја демистифицираа

[19] Diesen, op.cit., p. 359 – 361. Marijke Malsch, Democracy in the courts: lay participation in European criminal justice systems, International and comparative criminal justice, Ashgate Publishing Company, 2009, p. 1. Bayer, op.cit., p. 142. Langbein, John H., Mixed Court and Jury Court: Could the Continental Alternative Fill the American Need? (1981), p. 205. Available at: http://digitalcommons.law.yale.edu/fss_papers/535

вистинската улога на судиите поротници[20]. Постои ризик од субјективност, бидејќи судиите поротници имаат повеќе емоционална гледна точка ("синдромот на крварење на срцето"), интуиција и лични вредности кои ја дефинираат нивната почетна точка во разбирањето и одлучувањето за сите прашања за време на сослушувањето и расправата.[21] Понекогаш, тие одлучуваат врз основа на јазикот на телото на обвинетите.[22] Исто така, судиите-поротници имаат тешкотии со прашање за релевантноста и го мешаат прашањето за вината со прашање за казнување.[23] Мора да се согласиме дека успешно судење и донесување фер пресуда зависи од соодветното правно образование и професионални вештини. Како што им недостигаат такви компетенции, судиите-поротници можат да направат грешки. Или можат да бидат поблаги или да донесат одлуки врз основа на голема емпатија. Во многу случаи тие тешко да ја разбереме правната терминологија или активностите преземени за време на судењето. Така, нивното учество може да доведе до недоразбирање или дури и до погубување на правдата.

### 3.2 Предлози

Треба да се земе предвид дека еден од аргументите во корист на луѓето кои се вклучени во судењето е тоа дека се подобруваат нивното знаење за правниот систем, правните аспекти на администрирање на правдата, како и обезбедување нивно знаење за влијанието на злосторствата врз жртвите. Заклучоци укажуваат на тоа дека индивидуи не добиле подобар увид во правниот и судски систем додека биле судии-поротници. Исто така, новиот Македонски систем не обезбедува никаква гаранција дека учеството на судиите-поротници се предуслов за обезбедување на легитимитетот на судскиот систем. Исто така, не е јасно дека јавноста ќе има позитивен став кон судскиот систем, бидејќи правдата се спроведува со судии-поротници кои повеќе не ги претставуваат граѓаните, но кои се избрани според критериуми кои се далеку од обичните луѓе и здравот разум.[24]

---

[20] On different opinions regarding the participation of lay judges in court procedure, Bayer, op.cit., p. 142.

[21] Diesen, op.cit., p. 362

[22] За жал, мора да се согласиме со дополнителни прашања, како што е следново: што значи јазикот на телото за луѓето кои се несреќни и обвинети за злосторства што не ги извршиле? Дали тие се нервозни во судницата, немирни, имаат тешкотии да се артикулираат под стрес и притисок на судењето? Имено, во таков случај постои реален ризик што ќе го сторат се смета дека е виновен како обвинет. Достапно на: rixstep.com

[23] Diesen, op.cit., p. 359-360.

[24] Lazhetich – Buzharovska G., Nanev L., The new Macedonian concept of lay judges and their role in the criminal procedure

Пред да се одлучи за одржување на концептот на судии-поротници во Македонскиот систем треба да одговори на неколку прашања. – Учеството на судиите поротници може да се разбере како демократски алиби наместо да биде демократска правда? За какви видови кривични дела треба да се суди со учество на судии поротници?

Врз основа на претходното може да се заклучи:

– критериумите за избор треба да се преиспитаат во согласност со компаративни искуства кои докажуваат дека високото образование, посебна обука и испити за судиите поротници не се прифатливи,
– учеството на судиите поротници треба да се предвиди само кога се одлучува за помалку сериозни кривични дела (мешан совет составен од еден професионален и двајца судии поротници за кривични дела казниви со затвор до 15 години),
– во случаи на организиран криминал не треба да постојат судии поротници и кривични дела, каде што може да се казни со затвор од 15 години да се наметне. Наместо тоа, советите треба да се состојат од тројца професионални судии,
– треба да постојат судии-поротници во апелационите судови кога главната расправа се одржува само за помалку тешки кривични дела (казниви со затвор до 15 години).

**Заклучок**

Аргументирањето „за“ или „против“ системот на порота, не е само едноставно наведување на ставови и факти во однос на предметната појава, туку во голема мера ги поттикнува размислувањата и ги остава отворени правните системи на државите кои се колебаат во однос на воспоставување на ваков систем во сопствените казнено - правни законодавства. Најистакнатите предности во однос на судење во присуство на порота, можат да се најдат во следниве формулации:

- Поротата најдобро ги изразува ставовите на општеството, поаѓајќи од фактот дека нејзиниот состав е случаен избор на лица од широкиот обем на населението;
- Јавноста ја поистоветува поротата со „бастион на индивидуалнит е слободи“;
- Истражувањето и изнаоѓањето на докази е прашање на здравиот разум и не бара никаква специјализирана правна обука;
- Мислењето на 12 поротници е подобро од единственото мислење на судијата, бидејќи со голема веројатност ќе ги спречи поединечните предрасуди и може да биде целосно независно, поаѓајќи од неодговорноста на поротниците за својот став;
- Поротата е барометар на јавното чувство за состојбата на правото;

- Не постои задоволителна алтернатива за поротата;
- Присуството на нестручна порота, осигурува дека постапката се чува едноставна.

Побивајќи го фаворизираните предности на поротниот систем, аргументите „против", всушност покажуваат дека не станува збор за предности како такви, односно ги објасуваат во обратна констелација, истакнувајќи ги како слабости на системот на порота. Така:

- Аргументот дека како резултат на случаен избор, поротата го претставува општеството е погрешен, бидејќи поротата може да ја сочинуваат само оние кои се способни да дејствуваат како поротници на крајот од процесот на селекција;
- Поротата е необразовано тело во правните системи на државите каде постои и често поротниците не се во состојба да ги земаат доказите правилно и да разберат одредени сложени прашања од областа на правото;
- Поротата често не е во состојба да разбере повеќе комплексни разлики во законот, како што е разликата помеѓу убиство со умисла и убиство од небрежност;
- Поротата може да биде раководена и во неа да доминираат двајца или троја силно ориентирани поединци;
- Факт е дека поротата дејствува во корист на одбраната на обвинетиот повеќе од судијата. Многу критичари на системот на порота тврдат дека ова е голем пропуст, што произлегува или од неспособноста да ги извршува своите функции, или од сочувството со обвинетите, или пак, и од двете;
- Поротниците може да биде пристрасни за или против одредени групи;
- Не може да се гарантира дека не постои апсолутно никаква можност за влијание врз поротата;
- Неодговорноста на поротниците со оглед на тајното дејствување во собата за порота, е спротивно на демократските принципи.

Несомнено, конципирањето на казнено - процесниот систем како систем во кој свое место ќе најде и поротата во класичен облик, ќе ги потврди настојувањата на новото казнено - процесно законодавство за зголемување на непристрасноста на судот во одлучувањето по кривични случаи од разни области. Конечното заокружување на процесот на модернизирање и усогласување на законодавството со оние на државите чии законодавства се пример за почитување на човековите слободи и права, во голема мера ќе го оформи ставот на граѓаните во однос на функционирањето на системот во нивна корист, со цел обезбедување на благосостојбата во уживањето на вредностите кои природно им припаѓаат. Во оваа насока, ќе зајакне и довербата во судството, како репрезент на правната држава во која право да одлучува за народот, ќе има самиот народ, преку негово

вклучување во најбитните процес и на пресудување за кршење и заштита на неговите права. Притоа, и покрај убеденоста во исправноста на обидот за пополнување на недостатокот класична порота, несозреаноста на условите за одговор на прашањето за воспоставување на поротен систем, упатува на заклучокот дека станува збор за прашање што детално треба да се разгледува во иднина доколку државата утврди дека е делумно или целосно применлив тој систем и во македонски услови и дека е во интерес на демократизација на процесите на унапредување на правата на обвинетите.

**Користена литература:**

1. Гордана Бужаровска, Дејвид Ре и Мајкл Г. Карнавас, *Вкрстено испитување, Прирачник за практичари*, (Скопје: Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје , 2010)
2. Калајџиев Г., „Воведување на акузаторна кривична постапка со вкрстено испрашување"
3. Законот за кривичната постапка, *Службен весник на Република Македонија* 150/10, 51/11, 100/12.
4. Устав на РМ, *Службен весник на Република Македонија* 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, 84/03, 107/05, 3/09
5. Матовски Н., Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г., Казнено процесно право, Скопје 20111
6. Law on Courts, "Official Gazzete of the Republic of Macedonia", no. 58/2006; 62/2006; 35/2008 and 150/2010
7. Lazhetich – Buzharovska G., Nanev L., The new Macedonian concept of lay judges and their role in the criminal procedure
8. Ethan J. Leib, 'A Comparison of Criminal Jury Decision Rules in Democratic Countries', Ohio State Journal of Criminal Law, Vol 5, 2008, p. 629-644., p. 640-642
9. Law on judges, December 22, 2008. In force since January 1, 2010
10. Law on courts, Narodne novine, no. 150/05, 16/07, 113/08, 153/09 i 116/10
11. Code of criminal procedure, "Official Gazette of the Republic of Macedonia" no. 15/1997; 44/2002; 74/2004; 83/2008, 67/2009 and 51/2011.
12. Нанев Л., 'Местото и улогата на судиите поротници во кривичната постапка пред судовите во Република Македонија', МРКК, no. 2-3/2008, p. 373-389.
13. Diesen, op.cit., p. 359 – 361. Marijke Malsch, Democracy in the courts: lay participation in European criminal justice systems, International and comparative criminal justice, Ashgate Publishing Company, 2009, p. 1. Bayer, op.cit., p. 142. Langbein, John H., Mixed Court and Jury Court: Could the Continental Alternative Fill the American Need? (1981), p. 205. Available at: http://digitalcommons.law.yale.edu/fss_papers/535
14. htpp://www.pravdiko.mk/definitsija-i-opis-na-pravichnoto-sudene/

15. http://www.mba.org.mk/informator/informator_64_sep2007.pdf
16. Ѓуркова. О, Казнена постапка за коруптивни кривични дела во римското право, стр. 94-98
17. Мирјана Поленак - Аќимовска, Е. Вестон, Владо Бучкоски, Гоце Наумовски, Димитар Апасиев и Јован Андоновски, *Реторика и аргуменрација* (во печат, 2015).
18. Олга Ѓуркова, *Казнена постапка за коруптивни кривични дела во Римското право* (Скопје: Алфа 94, 2010), 95.
19. Иво Пухан, Мирјана Поленак - Аќимовска, Владо Бучковски и Гоце Наумовски, *Римско право* (Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, 2014), 453 -455.
20. Гордана Лажетиќ - Бужаровска, Гордан Калајџиев, Бобан Мисоски и Дивна Илиќ, *Компаративно казнено процесно право* (Скопје: Академик, 2011), 61 - 62.
21. Лидија Раичевиќ - Вучкова, *Улогата на јавниот обвинител во казнено – правниот систем* (Скопје: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климен т Охридски", 2014), 240